Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

# ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Рег. бр. 14.4-43 /5
Скопје, 08.04. 2021

**ДОСТАВЕНО ДО:**

- Министер за внатрешни работи
- Директор на БЈБ
- Оддел за односи со јавност и стратешки прашања

## ИЗВЕШТАЈ

***за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во првите три месеци од 2021 год***

Во текот на првите три месеци од годинава, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, преземаше мерки за проверка на **319 (325)**[1] ***случаи*** на посочено незаконско, непрофесионално и неетичко постапување на вработени во Министерството, што претставува ***намалување на случаите за 1,8 % во однос на истиот период минатата година***.

Во овој квартал, споредено со истиот период минатата година, забележан е тренд на намалување од **29%** на примени ***писмени претставки од граѓани - 142 (200)***, во кои истите реагираат на одредени неправилности во работењето претежно на полициските службеници, како и намалување од **56%** кај ***анонимните поднесоци - 39*** **(90)**, во кои граѓаните укажуваат на одредени неправилности во работењето на припадниците на Министерството за внатрешни работи и зголемување од **46%** е забележано кај примените ***записници за усно поднесени претставки – 73*** **(50)**.

Примени се ***пет (четири) претставки од невладини организации*** и тоа сите ***Хелсиншки комитет***, примени се 12 (***седум***) ***поднесоци*** од ***Народниот***

1 *Бројките во заградата се однесуваат на истиот период минатата година*


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
MKC EN ISO 9001:2015

***правобранител, девет (16) претставки од правни лица*** и ***18 (18) поднесоци од адвокати*** како полномошници на граѓани или на правни лица.

Покрај по добиените претставки, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапуваше по наредби на Министерот, врз основа на сопствени податоци и сознанија, по добиени известувања, како и по барања што ги доставуваат или непосредно ги презентираат работниците на Министерството. Така, во овој период се добиени 70 ***(24) службени материјали (службени белешки, информации, телеграми) од организациските единици во МВР*** во кои се укажува на одредени неправилности или незаконитости сторени од припадници на МВР.

Од 319 (325) случаи за кои се вршени проверки, ***252 (226) се предмети кои се постапувани врз основа на добиени претставки од граѓански и правни лица***, а останатите се по добиени известувања, сознанија и слично. Споредбено со истиот период минатата година, бројот на случаи по кои се вршени проверки по претставки бележи зголемување од 11,5%. Од анализа на структурата на добиени и постапени предмети по претставки од граѓани, може да се констатира дека во 149 (145) случаи наводите изнесени во претставките се ***неосновани,*** за 58 (37) предмети ***нема доволно докази*** за да се потврдат или отфрлат наводите во претставката, *27 (30) претставки се **основани**, 15 (11)* се ***делумно основани и три (три)*** *претставки се по друг основ* ***(по една веќе е постапувано и за две нема основ за постапување).***

Инаку, во сите 319 предмети во случаите каде се утврдени одредени неправилности во работењето на припадниците на Министерството за внатрешни работи, согласно Законот за внатрешни работи и Колективниот договор на МВР, од страна на ОВККИПС иницирани се задолжителни мерки до овластените предлагачи.

За утврдените неправилности, ОВККИПС против 93 (87) службени лица иницираше поведување на ***постапка за утврдување на одговорност за кршење на работниот ред и дисциплина.*** За 39 (22) **лица** е изречена мерка-***укажување,* и *за двајца (тројца)* вработени** е изречена мерка покренување на постапка за ***надомест на штета-материјална одговорност. Од шестмина (12) вработени е одземено службеното оружје, петмина (18) вработени се упатени на вонреден лекарски преглед и 10 (11) вработени се отстранети (суспендирани) од работното место до донесување решение во дисциплинската постапка.***

Во оваа насока, претставници од Одделот учествуваа во работата на дисциплинските комисии, присуствувајќи на **106** расправи за утврдување на дисциплинска одговорност пред сите надлежни Комисии во Министерството.

Во случаите каде се утврдени незаконитости во постапувањето на службените лица, кои имаат обележје на кривично дело, од страна на ОВККИПС се

## ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

поднесени ***осум кривични пријави*** против *18* вработени во МВР за сторени 12 кривични дела и тоа: за по три кривични дела ***„несовесно работење во службата"*** ***и „злоупотреба на службената положба и овластување"***, две кривични дела ***„малтретирање во вршење на служба"*** *и за по едно кривично дело* ***„примање поткуп", „фалсификување службена исправа", "предизвикување општа опасност" и „послужување на службата".***

Покрај поднесените кривични пријави, Одделот во првите три месеци од годинава изготви и достави 58 (60) ***Известувања до Основните јавни обвинителства во РСМакедонија,*** од кои *43* ***(28) се по барање на обвинителствата,*** *а 15 (32)* ***се за запознавање*** на надлежниот јавен обвинител и негово евентуално постапување. Од нив, 49 (45) известувања се до ОЈОГОКК, од кои 45 (38) до Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластување и припадници на затворската полиција.

Во овој период, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапуваше по *17 (14)* ***поднесоци***, во кои е наведено дека од полициски службеници врз граѓани ***е употребена физичка сила.*** По преземени мерки е утврдено дека ***три (шест) поднесоци се неосновани,*** односно употребата на физичка сила била оправдана или воопшто не била употребена физичка сила, во *12* ***(седум) случаи*** поради немање на докази ***не може да се утврдат наводите во претставката*** за употребена физичка сила и ***два (еден) поднесоци се основани*** – за што се поднесени две кривични пријави по член 143 од КЗ на РСМ „ малтретирање во вршење на службата".

Во врска со добиените предмети, по извршени проверки од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, доставени се *313 (334)* одговори и известувања ***до граѓани, пет (четири) одговори*** до невладини организации, 38 (33) одговори до правни лица и 32 (20) одговори до адвокати.

Сите примени поднесоци од ***Народниот правобранител се одговорени.***

Во првите три месеци од годинава, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди излезе на лице место на 12 (девет) случени ***сообраќајни незгоди, во кои учествувале вработени во МВР со возила сопственост на министерството,*** при што против ***двајца вработени*** е констатиран основ за поведување на постапка за утврдување на материјална одговорност - надомест на штета.

Во анализираниот период, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди и понатаму продолжи со вршење на **контроли во организациски единици на МВР:**

- По Наредби бр. 08-318/1 и 08-322/1 од 05.01.2021 година на Министерот за внатршни работи, на деновите 09/10.01 и 10/11.01.2021 година, изврши контрола на 13

организациски единици во состав на Министерството. Во рамки на спроведените контроли не се констатирани неправилности во работењето, освен кај еден полициски службеник, кој ја изгубил службената легитимација но не ја пријавил за изгубена, од страна на Одделот е изречена задолжителна мерка укажување.

- По наредба бр. 08-314/1 од 05.01.2021 година на Министерот за внатрешни работи, а во содејство Државниот инспекторат за патишта при Министерството за транспорт и врски и полициски службеници од Мобилната единица за безбедност на патниот сообраќај, на деновите 31.01 и 01.02.2021 година, на 08.02 и 09.02.2021 година, на дел од наплатните станици (патарини), во Република Северна Македонија („Глумово", „Петровец" и „Миладиновци"), изврши контрола на возачи кои злоупотребуваат службени легитимации и звучни сигнали (флешери), со цел одбегнување на плаќање на надоместок за патарина.

Од извршената контрола констатирано е дека 44 возачи постапиле спротивно на Законот за јавни патишта, од кои десет вработени во МВР, за што од страна на државниот инспектор за патишта изготвени се записници за извршен инспекциски надзор и издадени се мандатни платни налози за глоба. Против шестмина вработени во Министерството, кои ги злоупотребиле службените легитимации Одделот поднесе иницијативи за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, додека за еден полицискиот службеник од Истражен центар во ОЈО ГОКК е доставено известување за запознавање и ппонатамошно постапување.

- По Наредба бр. 08-322/1 од 05.01.2021 година на Министерот за внатршни работи, на ден 27/28.02.2021 година, изврши контрола на четири ПС за ГП и ГН во РЦ за ГР „Запад". Во рамки на спроведените контроли не се констатирани неправилности во работењето, освен кај еден полициски службеник, кај кого при извршено алкотестирање регистрирано е присуство на алкохол во организмот од 0,44 промили. За потешко кршење на работниот ред и дисциплина Одделот против полицискиот службеник до овластениот предлагач достави иницијатива за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.

- По Наредба бр. 08-318/1 од 05.01. 2021 година на Министерот за внатршни работи, на ден 05/06.03.2021 година, изврши контрола во ПС ОН Берово и ПС ОН Делчево. По спроведените контроли не се констатирани неправилности во работењето, освен кај двајца полициски службеници, еден кој за време на вршење на службените задачи бил затекнат во казино, додека кај другиот при извршено алкотестирање регистрирано е присуство на алкохол во организмот од 2,45 промили. Од истиот е одземено службеното оружје и веднаш е отстранет од работното место. За потешко кршење на работниот ред и дисциплина Одделот против двајцата полициски службеници до овластениот предлагач достави иницијативи за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

## ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Од останатите активности на Одделот ги издвојуваме следните:

Како и претходните години така и на почетокот од оваа година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во име на Министерството за внатрешни работи изготви *Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи за 2020 година* и *Акциски план за имплементација* во кој се дефинирани активностите, временската рамка за реализација, носителите на активност и индикаторите на успех. Основа на Програмата се препораките кои произлегуваат од извештајот на ГРЕКО за евалуација на РСМ – петти круг на тема „Спречување на корупцијата и промовирање на интегритетот кај централната власт (највисоките извршни фукции) и органите за спроведување на законот" и Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси на Државната комисија за спречување на корупцијата.

На ден 14.01.2021 година Помошникот на министерот во ОВККИПС учествуваше во работата на четвртиот состанок на Управниот одбор на проектот „Јакнење на капацитетите на пенитенцијарниот систем и на надворешниот механизам за контрола на полицијата во Северна Македонија", што се одржа преку видео конференција.

Во овој период одржани се четири онлајн работилиници на тема „Значење и примена на Законот за заштита на укажувачите " и пет онлајн работилници на тема „Етички кодекс за однесување на работниците во МВР" произлезени „Програма за јакнење на етичкиот капацитет кај вработените во Министерството" изготвена од страна на Одделот со вработени од повеќе организациски единици во состав на Министерството.

За вработените во Одделот со статус на полициски службеници беше спроведена е-обука на тема „Безбедно чување и постапување со вооружувањето во МВР".

Со Меморандум за соработка склучен помеѓу Министерството за внатрешни работи, Хелсиншкиот комитет за човекови права и Македонското здружение на млади правници, предвидено е тим од адвокати ангажирани од страна на Македонското здружение на млади правници да укажува правно советување на лицата лишени од слобода во полициските станици, како и спроведување на мониторинг на условите во просториите за задржување на лица, просториите за распит и разговор со лица лишени од слобода, просториите за разговор со

малолетни лица, како и тоалетите во просториите за задржување. Во оваа насока на ден 18.02.2021 година беше остварена првата посета на полициската станица од општа надлежност Центар на која присуствуваа и двајца вработени од Одделот.

На ден 24.03.2021 година во просториите на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, се одржа работен состанок со претставници на Мисијата на ОБСЕ во РСМ и вработени во Одделот во врска со новиот Етички кодекс за однесување на работните во Министерството

На ден 26.03.2021 година се одржа работилница на тема „Претставување на клучните наоди од родовата анализа на законодавството и политиките релевантни за контролата на малото оружје во Северна Македонија" во организација на SEESAC – Организација на земјите од Југоисточна Европа за контрола на мало и лесно оружје во Македонија на која учестуваа двајца вработени од Одделот.

Работилница на тема „Судир на интереси, политичка неутралност и интегритет" се одржа на ден 04.03.2021 година со командирите на полициските станици од општа надлежност од СВР Куманово, Тетово, Велес, Штип, Струмица, Охрид и Битола на која освен вработени од Одделот учествуваа и претставници од Државната комисија за спречување на корупцијата.

На ден 05.03.2021 година вработени во Одделот во соработка со Одделението за превенција на СВР Скопје одржаа работилница на тема „Надворешен механизам за контрола на работата на полицијата" и „Законот за заштита на укажувачите" во која учествуваа помошниците командири на полициските станици од општа надлежност од СВР Скопје.

Одделот тековно презема активности за зголемување на транспрантноста во работењето. Во оваа насока и во овој период Одделот продолжува со објавување на периодичните и годишните извештаи на веб страницата на Министерството, каде што се поставени и Антикорупциската програма за Министерството за внатрешни работи, Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството и други релевантни документи од интерес за граѓаните.

Во соработка со Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, ОВККИПС како организациска единица во МВР која го применува стандардот МКС EN ISO 9001:2015, со опсег на сертификација внатрешна контрола, криминалистички истраги, професионално работење, превенција и интегритет, работа по претставки, истраги и професионални стандарди и во текот на оваа година продолжува да ги

исполнува барањата на стандардот, согласно воспоставените процедури. Па така, во овој период воспоставени се цели за квалитет во 2021 година, утврдена е методологија за управување со ризици и извршено е приспитување на СМК од страна на раководството.

**ПРИЛОГ:** - Табеларен преглед на одредени податоци

**ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ**
м-р Дејан Андонов

Подготвил: Драгица Анѓелова
Контролирал: Евдокија Заркова-Иванова

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

# ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

**на одредени податоци од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди**

**I.Број на службени лица спрема кои се изречени задолжителни мерки од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди по вид, искажани за прв квартал по години :**

| | Вкупно предмети по кои е постапено | Кривично пријавени лица | Поведув. дисц. постапка | Укажување со предупре-дување | Постап. за надомест на матер. штета | Оддале-чување од раб.место |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2015 година | 493 | 5 | 56 | 64 | 13 | / |
| 2016 година | 351 | 6 | 62 | 37 | 7 | / |
| 2017 година | 305 | 4 | 60 | 23 | 4 | 4 |
| 2018 година | 338 | 3 | 78 | 46 | 6 | 4 |
| 2019 година | 313 | 7 | 97 | 54 | 7 | 6 |
| 2020 година | 325 | 8 | 87 | 22 | 3 | 11 |
| 2021 година | 319 | 18 | 93 | 39 | 2 | 10 |

## II. Поднесоци против полициски службеници за употребена физичка сила :

| | вкупно поднесоци | основани | неоснован и | нема докази | делумно основани |
|---|---|---|---|---|---|
| 2015 година | 15 | / | 11 | 4 | / |
| 2016 година | 20 | 2 | 11 | 7 | / |


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул. Димче Мирчев бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

## ОДДЕЛ ЗА ВНАТРЕШНА КОНТРОЛА, КРИМИНАЛИСТИЧКИ ИСТРАГИ И ПРОФЕСИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2017 година | 7 | / | 3 | 4 | / |
| 2018 година | 12 | / | 4 | 8 | / |
| 2019 година | 9 | 1 | 3 | 5 | / |
| 2020 година | 14 | 1 | 6 | 7 | / |
| 2021 година | 17 | 2 | 3 | 12 | / |

*III. Поднесоци од Народниот правобранител:*

| | Вкупно поднесоци | одговорени |
|---|---|---|
| 2015 година | 3 | 3+(2) |
| 2016 година | 3 | 3 |
| 2017 година | 5 | 4 |
| 2018 година | 6 | 6 |
| 2019 година | 8 | 7 |
| 2020 година | 7 | 7 |
| 2021 година | 12 | 12 |